РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје
Примено: 16.02.2023
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
02-113/1

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 53, став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година), и Одлуката на Наставно-научниот совет на ФЗНХ (бр. 02-86/8 од 13.2.2023 год.), деканот на **Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор на демонстратори за академската 2022/2023 година**

**Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје** распишува оглас за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образованиот процес на прв циклус студии во академската 2022/2023 година, и тоа:

1. **Еден демонстратор на Институтот за храна,** на предметните програми:

- **Ботаника**, фонд часови (3+2+2) студиска програма (хорти., ае, аб, еко, п, олв, пзп, фито, кбх)
- **Самоникнати хранливи и отровни растенија**, фонд часови (3+2+2) студиска програма (хорти, п, кбх, еко).

2. **Еден демонстратор на Институтот за храна,** на предметна програма:

- **Хемиски опасности во храна,** фонд на часови (3+2+2) студиска програма (кбх, фито, аб);

**Критериуми за избор во демонстратор**

Кандидатите треба да ги исполнуваат минималните критериуми предвидени во Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 година).

**За точката 1**

- Кандидатите треба да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на УКИМ, на една од студиските програми на Факултетот, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

- Кандидатите треба да се студенти на втор или трет циклус студии на ФЗНХ, студиска програма Квалитет и безбедност на храна, модул: кбх, или на друга соодветна или сродна студиска програма.

**За точката 2**

- Кандидатите треба да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на УКИМ, на една од студиските програми на Факултетот, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);
- Кандидатите треба да се студенти на втор или трет циклус студии на ФЗНХ, студиска програма Квалитет и безбедност на храна, или на друга соодветна или сродна студиска програма.

**Кандидатите треба да ги достават следните документи:**
- Пријава за позицијата на која аплицираат согласно Интерниот оглас;
- Доказ (потврда за редовно запишан семестар) дека се студенти на втор циклус (магистерски) или трет циклус на студии (докторски студии) на соодветна област / студиска програма;
- Уверение за предвидени и положени испити (со оценки за положените испити), доколку кандидатот има положени испити;
- Доказ за завршен прв циклус студии според ЕКТС и освоени најмалку 240 кредити со просечна оценка за завршени студии (минимум 8,0) – Уверение за завршен прв циклус студии;
- Кратка биографија (активности во периодот на студирање, контакт тел./ e-mail);
- Потврда за активно познавање на македонски јазик, доколку студиите ги имаат завршено на некој друг јазик.

**Факултетот го задржува правото да не ги ангажира избраните демонстратори, доколку во летниот семестар нема доволен фонд на часови, односно предмети.**

Демонстраторите се избираат за ангажман во летниот семестар во академската 2022/2023 година, односно до 30.9.2023 година.
Документите се доставуваат на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ул. „16 Македонска бригада" бр. 3 – Скопје, во рок од 5 работни дена од денот на објавувањето на Интерниот оглас.

Интерниот Оглас е објавен на веб страната на факултетот www.fznh.ukim.edu.mk

**ДЕКАН,**

**Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ**